ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# И з в е ш т а ј
**за реализирани активности по Програмата за образование**
**за 2023 година**

Одделението за јавни дејности при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година согласно Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година ги има реализирано следните активности:

До Министерството за образование и наука се доставени предлози за запишување ученици во прва година во средно образование во СОУ „Ѓорче Петров“ особено во делот на стручно образование и листата на образовни профили кои ќе бидат реформирани, а според потребите на пазарот на трудот, наставниот кадар, просторните услови и опременоста на училиштето,преку организиран настан за социјален дијалог потребата беше дефинирана во делот на медицинска струка и градежна струка и по основ на истите предлози е воведен нов образовен профил една дуална паралелка медицинска сестра во прва година и една дуална паралелка градежна струка градежен техничар во прва година, електротехничар за компјутерска техника и автоматика една дуална паралелека во прва година, машински техничар дуална паралелека и од тригодишното образование една дуална паралелка со профил готвач/келнер.

Со цел успешен почеток на новата учебна година до Министерството за образование и наука доставени се барања за согласности на определено време за вработување на наставен кадар, при што за истите до три месеци е дадена согласност од страна на Градоначалникот, а за до крајот на учебната година е добиена согласност од Министерство за образование и наука, исто така од страна на општината доделени се по 3000 денари еднократен финасиски надоместок за секое прваче односно за вкупно 119 првачиња запишани во двете основни училишта.

Спроведени се барања во делот на согласности за наставен и ненаставен кадар и тоа по основ на боледувања, породилни боледувања, пензионирања, спогодбен престанок, неплатени отсуства во текот на учебната година, и за истите кои се со подолг период од три месеци и се по основ на старо финансирање се добиени согласности од МОН.

Спроведена е постапка за трансформација на работни места од определено во неопределено работно време на четворица наставника во ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ и за истите е добиена согласност од Министерството за образование и наука и исто така со спроведување на постапка на трансформација на двајца наставника во ООУ „Илинден“ добиена е согласност во месец јануари 2024 година за истите.

Согласно одлука на Совет на Општина Крива Паланка за формирање на комисија за доделување на стипендии за талентирани ученици и должностите на комисијата спроведена е постапката за објавување на Конкурсот за доделување на стипендии за млади таленти, поднесувањето на пријавите од страна на кандидатите за стипендии, разгледување на поднесените пријави од страна на Комисијата за спроведување на постапката, изготвување на ранг-листа со бодовна состојба и потпишувањата на договорите помеѓу корисниците на стипендија и давателот-Општина Крива Паланка, при што се доделени пет нови стипендии (за четири ученика и еден студент) во износ од три илјади денари месечно, девет месеци во учебната година и дванаесет стари стипендисти кои продолжуваат со користење на стипендија исто така во износ од три илјади денари месечно, односно вкупно има седумнаесет стипендисти кои ги исполнуваат условите, согласно потпишаните договори.

Согласно Одлука на Совет на Општина Крива Паланка за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови, спроведена е постапка за доделување на стипендии со објавување на Конкурс за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови, поднесувањето на пријавите од страна на учениците, разгледувањето на поднесените пријави од страна на Комисијата за спроведување на постапката, изготвената ранг-листа при што се доделени три стипендии во индивидуален спорт во износ од три илјади денари месечно, додека во екипни спортови се доделени две стипендии исто во износ од три илијади денари месечно (едниот корисник го раскина договорот поради користење на друга стипендија) и тринаесет стари стипендисти продолжуваат со користење на стипендија, исто така во износ од три илјади денари месечно, односно вкупно седумнаесет стипендисти кои ги исполнуваат условите, согласно потпишаните договори.

Согласно Одлука на Совет на Општина Крива Паланка за субвенциониран превоз на студенти кои студираат на државните универзитети во Скопје, согласно распишаниот Конкурс пет студенти го користеа правото со два повратни билети во еден месец со АД „Пролетер“ Крива Паланка.

По повод 24-ти мај денот на Словенските просветители врз основа на Одлука од Совет на Општина Крива Паланка и Конкурсот за избор на најуспешен просветен работник во одделенска настава и најуспешена просветен работник во предметна настава од страна на Комисијата е спроведена постапката и на Свечена академија се доделени награди и признанија на еден наставник во одделенска настава вработен во ООУ „Илинден“ и еден наставник во предметна настава вработен во СОУ „Ѓорче Петров“. Бидејки исто така се доделени и признанија на ученици на генерации кои беа предложени од страна на училиштата, при што Градоначалникот додели признанија за најдобар ученик во ООУ Илинден, ООУ „Јоаким Крчовски“ и СОУ „Ѓорче Петров“ за учебната година за учебната 2022/2023 година.

Од страна на општината доделени се по 3000 денари еднократен финасиски надоместок за секој матурант односно за вкупно 130 матуранти запишани во средното училиште Ѓорче Петров.

Согласно Законот за вработени во јавниот сектор дадена е согласност на Годишните Планови за вработување за 2024 година од страна на Советот на Општина Крива Паланка, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација, при што за планираните вработувања за 2024 година добиена е согласности од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии за еден сметководител во ООУ „Илинден“ по основ на пензија (постапка започната во 2022 година која што не е завршена) и двајца хигиеничари и

еден чувар по основ на старо финансирање-пензионирање како и еден хигиеничар по основ на отказ (постапка започната во 2023 година) во ООУ „Св.Јоаким Крчовски“, во СОУ „Ѓорче Петров“ нема планирани вработување по ниту еден основ.

Врз основа на допис од одделението за финансии и буџет при пштина Крива Паланка направена е распределба на средствата од блок дотацијата за 2023 година, согласно донесениот Правилник за утврдени стандарди и нормативи за распределба на средства од блок дотации за основното образование, средното образование, ученички дом и детска градинка и за истата распределба е донесена Одлука на Совет на Општина Крива Паланка.

Водена е целосна грижа за спроведување на прописите донесени од локалната и централната власт, Законот за основно и средно образование, Законот за наставници и стручни соработници, Законот за локална самоуправа, Законот за ученички стандард, Законот за просветна инспекција, Законот за заштита на деца, Законот за спорт и други закони и подзаконски акти, состојбата со кадарот, неговата соодветност и ангажираност, условите за работа во училиштата и состојбата на објектите со опфатот на ученици во училишната мрежа, работата на директорите и стручните служби во училиштата, почитување на Правилниците и Календарот за учебната година.

**ПЛАН**

**на реализирани активности од оперативна, родово сензитивна буџетска програма за ОБРАЗОВАНИЕ за 2023 година**

**на Општина Крива Паланка**

| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Реализација** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 Стипендии за талентирани<br><br>ученици/чки и студенти/тки | Донесување на Одлука за стипендирање<br><br>Донесување на Правилник за стипендирање<br><br>Објавување на Конкурс за стипендирање<br><br>Склучување на договори | **септември** | Дванаесет корисници на стипендија исполнуваа услови за продолжување на стипендија девет месеци по 3000 денари и уште пет нови стипендисти со склучени договори за девет месеци по 3000 денари (односно само три месеци во 2023 година октомври, ноември, декември) | Општина Крива Паланка | **Планирани495 000 денари**<br><br>**Потрошени**<br><br>**369 000 денари** |
| | Субвенциониран превоз на студенти /тки | Донесување Одлука за субвенционирање<br><br>Донесување на Правилник за субвенционирање<br><br>Објавување на Конкурс за субвенционирање | **октомври** | Пет студенти го користеа правото на субвенциониран превоз за кои што вкупната субвенција е од АД Пролетер Крива Паланка | Општина Крива Паланка | **Планирани70 000 денари**<br><br>**Потрошени**<br><br>**0 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еднократна парична помош на семејства со прваче | Донесување на Одлука за парична помош<br>Поднесување барање<br>Донесување на решение | **септември** | Од општина Крива Паланка стоидеветнаесет првачиња запишани во општинските основни училишта добија помош и подршка по 3000 денари | Општина Крива Паланка | **Планирани450 000 денари**<br>**Потрошени**<br>**396 627 денари** |
| | Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка | Донесување на Одлука за парична помош<br>Поднесување барање<br>Донесување на решение | **април** | По основ на стоитриесет поднесени барања од матуранти се доделени по 3000 денари парична помош на секој матурант запишна во СОУ Ѓорче Петров во Крива Паланка | Општина Крива Паланка | **Планирани396 000 денари**<br>**Потрошени**<br>**433 290 денари** |
| | Избор на најуспешен просветен | Донесување Одлука<br>Донесување Правилник | **мај** | Доделени се награди (плакети) и признанија на најуспешен | Општина Крива | **Планирани 30 000 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работник/чка | Објавување на Конкурс | | просветен работник во одделенска настава – добитник е наставник од ООУ Илинден и најуспешен наставник во предметна настава во основно и средно образование добитник е наставник од СОУ Ѓорче Петров и доделени се признанија на предложените ученици на генерации од училиштата | Паланка | **Потрошени**<br>**12 000 денари плакети**<br>**4 728 денари дизајн** |
| | Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | **тековно** | Обезбедено осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти | Општина Крива Паланка | **Планирани60 000 денари**<br>**Потрошени**<br>**60 000 денари** |
| | Блок дотација за основно образование | Одлука за распределба на средства за основните училишта | **Тековно 2023 година** | Подготвени буџети од основните училишта согласно одлуката за распределба на средства за 2023 година | Министерство за образование и наука | **146 242 000 денари**<br>**Реализирани согласно буџети за 2023 година од основите училишта** |
| | Блок дотација за средно | Одлука за распределба на | **Тековно** | Подготвен буџет од | Министерство | **55 000 000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование | средства за средното училиште | **2023 година** | средното училиште согласно одлуката за распределба на средства за 2023 година | за образование и нука | **денари**<br><br>**Реализирано согласно буџет за 2023 година од средното уилиште** |

**Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот**

**Раководител**

**Даниела Велковска**